МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-3559/1 од 04. 06. 2018 год.

Врз основа на член 119 став (1) од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/15, 129/15,192/15,39/16) министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

Р Е Ш Е Н И Е

За одземање на А –Дозвола за усогласување со оперативен план, на операторот ДПТТУ КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,Подружница бр.2 с.Превалец Велес

1. А –Дозвола за усогласување со оперативен план на операторот ДПТТУ КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,Подружница бр.2 с.Превалец Велес

бр.11-2627/1 од 20.03.2013, се одзема.

Образложение

Правниот субјект ДПТТУ КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Подружница бр.2 с.Превалец Велес, носител на А-Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 11-2627/1 од

20.03.2013 , согласно процедурата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, има обврски и задолжувања кои треба да ги реализира во предвиден рок, редовно да доставува годишни извештаи, да известува за измени во инсталацијата, и сл ,ги нема реализирано активностите од оперативниот план.

Правниот субјект ДПТТУ КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Подружница бр.2 с.Превалец Велес, во определен рок не постапиле по дадените задолжувања димензионирани во дозволата, не ги реализирал активностите од оперативниот план.

1.Поставување на филтер станица за намалување на емисиите од шахтните печки во амбиентален воздух од (активностите 4 и 5 ).

2.Изградба на сопствен одвод на отпадни води во р.Тополка (активност 6)

Дополнително од страна на Државен инспекторат за животна средина, при спроведен вонреден надзор на ден 21.05.2018 е констатирана фактичка состојба, записник бр.ИП1 17-42.

Со оглед на тоа што од страна на операторот ДПТТУ КАМЕНОЛОМ ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје:

-извршил измени односно изградена е Нова Печка за вар во дворното место (која е надвор од функција) на инсталацијата, без да добие дозвола од органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина и не ги исполнил активностите од оперативниот план

Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со член 119 став (1) од Законот за животна средина одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението таксирана во износ од од 250 денари, административна такса во готови пари на уплатата сметка 840 xxx 031 61 во рамките на трезосрката сметка.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

Изработил: Фатос Балиу
Контролирал: Назим Алити
Одобрил:
Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu